| | |
|---|---|
| ПРЕДЛАГАЧ: | Владата на Република Северна Македонија |
| ПРЕТСТАВНИЦИ: | м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд и<br><br>Марјан Ристески, заменик на министерот за економија и труд |
| ПОВЕРЕНИК: | Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за економија и труд |

# Предлог на закон за младински додаток

Скопје, април 2026 година

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за младински додаток („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.18/20) и Законот за младински додаток („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 65/23 и 132/25) се уредуваше остварување на правото на младински додаток, постапката, условите и висината за исплата на младински додаток на младо лице на возраст до 23 години.

Целта на овој закон беше поттикнување на младите лица да се вклучат на пазарот на трудот во производствена дејност, а преку финансиската поддршка да се обезбеди вработување на подолг временски период и подобрување на нивната економска положба.

Имено, одржувањето и јакнењето на економијата за секоја држава подразбира поддршка на домашното стопанство преку активни програми и мерки за вработување, во секторите кои создаваат вишок на вредност, односно профит. Јакнењето на економијата се овозможува преку реалниот сектор, особено преку делот на производствени дејности.

Имајќи ја во предвид:

- структурната поставеност на компаниите, односно фактот дека повеќе од 90% од претпријатијата се микро и мали претпријатија;
- недостигот од нова работна сила со која се соочува државата, пред се од млади лица кои би се вработиле во производствени дејности и
- потребата од задржување на младите во државата, секој вид на помош од страна на државата во одржувањето на производствените дејности е многу значајна.

Соодветните мерки за стимулирање на младите лица за запишување во средните стручни училишта и обезбедување на посоодветни приходи при нивно вработување по завршување на средното и високото образование, се наметна како основа за законско регулирање.

Имено, за таа цел и беше донесен Законот за младински додаток („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/20) и Законот за младински додаток („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 65/23 и 132/25) и се обезбеди правен основ за исплаќање на младинскиот додаток во износ од 3000 денари, од сметка на Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, на сметка на младото лице осигуреник (работник) кој е на возраст до 23 години и е вработен во производните области.

Од податоците на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија од 2020 година до сега, правото на младински додаток го искористиле во просек 3.092 млади лица годишно или вкупно 18.553 млади лица.

| Година на издавање на решенија | Број издадени решенија за МД |
|---|---|
| 1 | 2 |
| 2020 | 4631 |
| 2021 | 2532 |
| 2022 | 2789 |
| 2023 | 2635 |
| 2024 | 2291 |
| 2025 | 3675 |
| Вкупно | 18553 |

За овие млади лица од буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, се исплатувани околу 111.312.000,00 денари годишно. Досегашната примена на Законот за младински додаток укажува на тоа дека со истиот се овозможи еден вид на поддршка на домашното стопанство, кое се сочува со недостиг на работна сила. Дополнително влијанието на економската криза во стопанството предизвика негативни последици и потребата од примена на досегашното законско решение се покажа како важна во овој период.

Имајќи предвид дека Законот за младински додаток престана да се применува со 31 декември 2025 година, се предлага донесувањето на овој закон, кој ќе важи до 31 декември 2028 година.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Цел на Предлогот на закон е да се овозможи понатамошна поддршка на производствените дејности со обезбедување на дополнителна работна сила, како и поттикнување на младите луѓе да се вработуваат во овие дејности. Имено, досегашната примена на Законот за младински додаток укажува на тоа дека со истиот се овозможи еден вид на поддршка на домашното стопанство, кое се сочува со недостиг на работна сила. Дополнително влијанието на економската криза во стопанството предизвика негативни последици и потребата од примена на досегашното законско решение се покажа како важно во овој период заради што и се предлага донесувањето на овој закон чија примена ќе важи до крајот на 2028 година.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

За спроведување на предложениот закон потребни се финансиски средства кои ќе бидат обезбедени од Буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот чие донесување се предлага повлекува обврска за обезбедување средства за неговото спроведување во висина од 126.000.000 денари годишно од буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА МЛАДИНСКИ ДОДАТОК

Член 1

Со овој закон се уредува остварување на правото на младински додаток, постапката, условите и висината за исплата на младински додаток на младо лице на возраст до 23 години.

Член 2

Целта на овој закон е поттикнување на младите лица да се вклучат на пазарот на трудот во производствена дејност, а преку финансиската поддршка да се обезбеди вработување на подолг временски период и подобрување на нивната економска положба.

Член 3

Одделни изрази употребени во овој закон, го имаат следново значење:

1) „Младо лице“ е физичко лице на возраст до 23 години со најмалку завршено средно образование, кое по основ на вработување и самовработување во производствена дејност е опфатено со задолжително социјално осигурување во Република Северна Македонија во согласност со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, како и физичко лице на возраст до 23 години со најмалку завршено средно образование на кого земјоделската дејност му е единствено занимање и кое остварува приход по основа на вршење земјоделска дејност и е обврзник за пресметка и уплата на придонес/и од задолжително социјално осигурување, согласно со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување;

2) „Младински додаток“ е месечен додаток, кој се исплаќа од буџетот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Агенцијата), на трансакциска сметка на младото лице;

3) „Претежна производствена дејност“ е дејност на работодавачот од класите поврзани со производство во согласност со Националната класификација на дејности Рев.2.

Член 4

Младински додаток може да користи младо лице што ги исполнува следниве услови:

- е опфатено со задолжително социјално осигурување по основ на вработување кај работодавач или самовработување со претежна производствена дејност,

- е вработено во приватна агенција за вработување и е отстапено на работа кај работадавач со претежна производствена дејност или

- е опфатено во задолжително социјално осигурување како индивидуален земјоделец.

Член 5

Младински додаток се исплаќа доколку на младото лице му е исплатена плата и придонеси од задолжително социјално осигурување од работодавачот, односно самовработеното лице, во постапка и во рок утврдени со закон, освен за индивидуалниот земјоделец, за кого додатокот се исплаќа по извршена уплата на придонес/и од задолжително социјално осигурување согласно со закон, врз основа на обезбедени податоци од Управата за јавни приходи.

Член 6

Листата со класите во кои се содржани производствени дејности од Националната класификација на дејности Рев.2, ја утврдува министерот за економија и труд.

Член 7

(1) Младинскиот додаток изнесува 3.000,00 денари за полно работно време, на кој се плаќа данок на личен доход и се исплаќа еднаш месечно на трансакциската сметка на младото лице, најдоцна до 25-ти во месецот за претходниот/те месец/и.

(2) Правото на младински додаток младото лице го остварува по поднесено барање во надлежниот центар за вработување, според местото на живеење на младото лице, доколку младото лице ги исполнува условите утврдени со овој закон.

(3) Барањето од став (2) на овој член, може да биде поднесено и во електронска форма со употреба на средство за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(4) Агенцијата во постапката по барањето од ставот (2) на овој член, по службена должност, обезбедува податоци за исполнетост на условите од членот 4 од овој закон, врз основа на евиденцијата на регистрирани пријави во задолжително социјално осигурување, која Агенцијата ја води согласно со закон.

(5) Податоците за исполнетост на условите од членот 5 од овој закон за исплатената плата на младото лице од работодавачот, Агенцијата ги обезбедува по службена должност од Управата за јавни приходи.

(6) Агенцијата податоците за претежната производна дејност ги обезбедува по службена должност од Централниот регистар на Република Северна Македонија, врз основа на евидентираната приходна (главна) шифра.

(7) Агенцијата податоците за лицата опфатени во задолжително социјално осигурување како индивидуални земјоделци, ги обезбедува по службена должност од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија и/или од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија.

(8) Агенцијата податоците од ставовите (5), (6) и (7) на овој член, ги обезбедува збирно за сите поднесени барања, еднаш месечно, пред рокот кој е утврден за исплата во ставот (1) на овој член.

(9) Младинскиот додаток од ставот (1) на овој член, се исплаќа до престанокот на задолжителното социјално осигурување по основ на вработување или самовработување, односно престанокот на задолжително социјално осигурување како индивидуален земјоделец, а најмногу до навршени 23 години на младото лице.

(10) Агенцијата врши проверка на исполнетоста на условите за исплата, по службена должност, преку обезбедените податоци од ставовите (5), (6) и (7) на овој член, кои може да бидат прибавени во електронска форма преку Националната платформа за интероперабилност, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги

(11) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (2) на овој член, ги пропишува министерот за економија и труд.

Член 8

(1) По барањето од членот 7 став (2) од овој закон, надлежниот центар за вработување донесува решение во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето.

(2) Решението од став (1) на овој член, може да биде издадено и во форма на електронски документ кој се доставува на профилот на корисникот на Националниот портал за електронски услуги или во Една точка за услуги, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

(3) Против решението од ставот (1) на овој член, може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението, до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

(4) Жалбата од став (3) на овој член, може да биде поднесена и во електронска форма со употреба на средства за електронска идентификација преку Националниот портал за електронски услуги или преку посредник на административни услуги по електронски пат, согласно прописите од областа на електронското управување и електронските услуги и од областа на електронските документи, електронската идентификација и доверливите услуги.

Член 9

Надзор над примената на овој закон, врши Министерството за економија и труд.

Член 10

(1) Подзаконскиот акт, чие што донесување е предвидено со овој закон, ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Листата од членот 6 од овој закон, ќе се утврди во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 11

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува до 31 декември 2028 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

## I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Предлогот на закон за младински додаток содржи 11 члена.

Со членот 1 се дефинира предметот на уредување на овој закон, а со членот 2 целта на Законот.

Со членот 3 се дава објаснување на термините кои се користат во законот, како младо лице, младински додаток и претежна дејност.

Со членовите 4 и 5 се уредени условите за стекнување и користење на правото на младински додаток, а со членот 6 утврдувањето на листата на класите на дејности.

Со членовите 7 и 8 се уредува висината на младинскиот додаток, како и постапката за остварувањето на правото и неговото користење.

Со членот 9 се дефинира надлежноста за надзор на Министерството за економија и труд, а со членот 10 роковите за донесување на подзаконскиот акт од член 7 и листата од член 6.

Со членот 11 е уредено влегувањето во сила на овој закон.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби сочинуваат единствена правна целина.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложениот Предлог на закон финансиски ќе се поддржат младите работници во производствените дејности, ќе се обезбеди млада работна сила на пазарот на трудот и со тоа ќе оствари одреден придонес во поттикнувањето на економскиот раст и развој во Република Северна Македонија.

Влада на Република Северна Македонија

## ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

## FORMULAR PËR VLERËSIMIN E IMPLIKIMEVE FISKALE NË PROPOZIMIN E DISPOZITAVE DHE AKTEVE TË PËRGJITHSHME TË PARASHTRUARA DERI TE QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT PËR MIRATIMIN E TYRE

| | |
|---|---|
| **1. Назив на предлогот: / Titulli i propozimit:** | **2. Министерство / орган на државна управа: Ministria / organi iadministratës shtetërore:** |
| Предлог на Законот за младински додаток<br>Propozim Ligji për Shtesë për të Rinj | Министерство за економија и труд<br>Ministria e Ekonomisë dhe Punës |
| **3. Цел на предлогот: / Qëllimi i propozimit:** | **4. Вид на предлог: / Lloji i propozimit:** |
| Цел на Предлогот на Закон е да се овозможи понатамошна поддршка на производствените дејности со обезбедување на дополнителна работна сила, како и поттикнување на младите луѓе да се вработуваат во овие дејности. Имено, досегашната примена на Законот за младински додаток укажува на тоа дека со истиот се овозможи еден вид на поддршка на домашното стопанство, кое се сочува со недостиг на работна сила. Дополнително влијанието на економската криза во стопанството предизвика негативни последици и потребата од примена на досегашното законско решение се покажа како важна во овој период заради што и се предлага донесувањето на овој закон чија примена ќе важи до крајот на 2028 година.<br>Qëllimi i Propozim ligjit është që të mundësojë mbështetje të mëtejshme të veprimtarive prodhuese duke siguruar fuqi plotësuese punëtore, si dhe duke nxitur të rinjtë që të punësohen në këto veprimtari. Me fjalë tjera, zbatimi i deritanishëm i Ligjit për shtesë për të rinj tregon se me të është mundësuar një lloj mbështetjeje për ekonominë vendore, e cila përballet me mungesën e fuqisë punëtore. Në mënyrë plotësuese ndikimi i krizës ekonomike në ekonomi shkaktoi pasoja negative dhe nevoja për zbatimin e zgjidhjes së deritanishme ligjore u tregua e rëndësishme në këtë periudhë, për këtë arsye edhe propozohet miratimi i këtij ligji zbatimi i të cilit do vlejë deri në fund të vitit 2028. | Предлог на Закон за младински додаток<br>Propozim Ligji për Shtesë për të Rinj |

| 5. Контакт лице и звање: / Personi për kontakt dhe titulli: | 6. Контакт тел./факс или е-пошта: Kontakt tel./faks ose e-posta |
|---|---|
| Ленче Коцевска/Lence Kocevska<br>Државен советник /Këshilltarë Shtetërorë<br>Маја Папатолевска/Maja Papatolevska<br>Раководител на Секторот / Udhëheqës i Sektorit | lence.kocevska@economy.gov.mk<br><br><br>maja.papatolevska@economy.gov.mk |

| 7. Активност: / Aktivitete: |
|---|
| Да се донесе Предлог Законот за младински додаток<br>Të miratohet Propozim Ligji për Shtesë për të Rinj |

| 8. Вид на барање: / Lloji i kërkesës: | | |
|---|---|---|
| ( ) Регулатива во врска со ЕУ / Rregullativa në lidhje me BE | ( ) Нова програма Program i ri | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми Rishpërndarja (e mjeteve) midis dy programeve |
| ( ) Друга нова регулатива / Rregullativë tjetër e re | ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма Zmadhimi / zvogëlimi i programit ekzistues | ( ) Спојување на две или повеќе програми / Bashkimi i dy ose më shumë programeve |

| 9. Цел на барањето / предложената активност: / Qëllimi i kërkesës / aktivitetit të propozuar: |
|---|
| Усвојување на Предлог на Законот за младински додаток<br>Miratimi i Propozim Ligji për Shtesë për të Rinj |

| 10. Врска со владината програма: / Lidhja me programin e qeverisë: |
|---|
| Предвидено со годишна владина програма<br>Planifikuar me programin vjetor të qeverisë |

| 11. Фискални импликации: Implikime fiskale: | (илјади денари) / (mijëra denarë) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Тековна год. Viti i vijues | Втора год. Viti i dytë 2027 | Трета год. Viti i tretë 2028 | Четврта год. Viti i katër 2029 |
| A. Вкупни трошоци за предлогот / Shpenzimet e përgjithshme për propozimin<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transfer<br>Вкупно / Gjithsej | 117.650 | 126.000 | 126.000 | / |
| B. Одобрени средства за предлогот / Mjetet e miratuara për propozimin<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transfere<br>Вкупно / Gjithsej | / | | | |
| C. Промена (разлика) од одобрените средства (B-A) / Ndryshimi (diferenca) nga mjetet e miratuara (B-A)<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali | / | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трансфери / Transfere<br>Вкупно / Gjithsej | | | | |
| D. Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот) / Mjete në dispozicion nga të hyrat (nga aktivitetet tjera ose programet në organ)<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transfere<br>Вкупно / Gjithsej | / | | | |
| E. Нето импликации на средствата на органот (C-D) / Implikimet neto të mjeteve të organit (C-D)<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transfere<br>Вкупно / Gjithsej | / | | | |
| F. Зголемување / намалување на приходите / Zmadhimi / zvogëlimi i të hyrave | / | | | |
| G. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Burime shtesë të financimit ose ndarja e shpenzimeve<br>Извор:/Burimi:______________ | / | | | |
| 11. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот: /<br>Zmadhimi / zvogëlimi neto i numrit të të punësuarve në lidhje me propozimin | / | | | |
| 12. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 G)<br><br>Çfarë garancione, hua dhe obligime të vërteta ose të mundshme do të dalin për Qeverinë (të cilat janë të paraqitura në pikën 11 A deri te 11 G) | | | | |
| 13. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се даде образложение /<br>Nëse kjo paraqet kërkesë për mjete plotësuese në vitin fiskal vijues ose jashtë | | | | |

| | |
|---|---|
| ciklit normal të përgatitjes së buxhetit, të jepet arsyetim | |
| 14. Дата на завршување на проценката<br>Data e mbarimit të vlerësimit | |
| 15. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење<br>Data e dërgimit të analizës drejtuar Ministrisë së Financave për mendim | |
| 16. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии /<br>Data e marrjes së përgjigjes nga Ministria e Financave | |
| 17. Измени побарани од Министерството за финансии<br>Ndryshime të kërkuara nga Ministria e Financave | |
| 18. Одговор на министерството-предлагач:<br>Përgjigje nga ministria-propozues: | |
| 19. Одговор од Министерството за финансии:<br>Përgjigje nga Ministria e Financave: | |
| 20. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог<br>A është dhënë në shtojcë mendimi i Ministrisë së Financave | |
| 21. Одобрено/ Miratuar / Дата / Data: | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Државен Секретар,<br>Sekretarit Shtetëror<br>Јумни Адеми, Jumni Ademi<br>J Ademi<br>_______________ | 14-04-2026<br>/______<br>Ден /месец/ год.<br>Dita/ muaji/ viti | МИНИСТЕР<br>MINISTËR,<br>Besar Durmishi | 14-04-2026<br>/______<br>Ден/ месец/год.<br>Dita / muaji / viti |

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за економија и труд - Ministria e Ekonomisë dhe Punës
Скопје-Shkup